**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-7237/**

# З А П И С Н И К

**Од 240.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 26.12.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**(скајп)**,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп),**Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Снежана Јовановска-Одделение за човечки ресурси во МРТ.

Седницата започна во 14.30 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 239.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда на ЈРП МРТ за 2024 година.

3. Информација по Решенија за јавна опомена за МРТ3, МРТ4 и МРТ5 на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 239.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 239.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 239.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 239.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Ценовник за маркетинг услуги по секунда на ЈРП МРТ за 2024 година.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МРТ за 2024 година.

Воведно излагање по оваа точка даде Ели Јосифовска раководител на Одделение за Маркетинг и промоција во МРТ со детално образложение на материјалот од Ценовникот за маркетинг услуги по секунда за 2024 година.

Исто така Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Ценовникот за маркетинг услуги по секунда за 2024 година, и даде согласност на истиот.

По расправата беше ставен на гласање Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МРТ за 2024 година.

■ **Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МРТ за 2024 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовникот за маркетинг услуги по секунда на МРТ за 2024 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3:**Информација по Решенија за јавна опомена за МРТ3, МРТ4 и МРТ5 на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.
За збор по оваа точка се јави Ристе Панов каде кажа дека во согласност со надлежности на Програмскиот совет на МРТ за следење на исполнување на програмските законски обврски на МРТ, се разгледуватизвештаите за административен и програмски надзор од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Според извршениот надзор, за прв и втор телевизиски програмски сервис не се констатирани прекршоци по оделни членови кои се предмет на надзор од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги други правни акти. Прекрошци се констатирани за МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5. Според извештаите за МРТ 3 е констатиран прекршок по член 14 од Законот за медиуми кои се однесува за импресиум, каде во извештајот на агенцијата, стои дека при емитување на репризи на спортски натпревари и преноси од национални, европски натпреварувања , ниту во најавна ниту во одјавна шпица не биле објавени податоците за импресиумот- авторска, реализаторска екипа, податоци за уредништво и датумот на продукцијата. Додека за МРТ 4 и МРТ 5 се констатирани прекршоци по член 92 став 1 од ЗААВМУ во кој се предвидува обврска на јавниот сервис за 40 % емитување на изворно создадени македонски аудио или аудиовизуелни дела. При контролата на Агенцијата тој процент за МРТ 4 изнесувал 20,98% , додека за МРТ 5 тој процент изнесувал 37,07%.

По констатираните прекршоци пишани во писмениот извештај на Агенцијата, за сите три програмски сервиси се издадени решенија за јавна опомена, со предвиден рок за усогласување на работењето со одредбите од членовите на законите кои ги прекршиле. Потоа, Агенцијата има извршено повторен контролен надзор и за сите три програмски сервиси има доставено извештаи дека во целост постапиле по решението за изрекување мерка- јавна опомена, односно дека ја отстраниле извршената констатирана законска повреда.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред немаше расправа.

Седницата заврши во 15.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемдалија
зам.претседател